Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.42-4399/1
28 април 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

**2487.**

Врз основа на член 49 став 7 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14 и 166/14), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 28.4.2015 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ТРАЈНА ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ВО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ИЗГРАДБА НА МАЛА ХИДРОЕЛЕКТРИЧНА ЦЕНТРАЛА НА РЕКА БРЕГАЛНИЦА–МХЕЦ 329 КО ПЕХЧЕВО ОПШТИНА ПЕХЧЕВО**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на мала хидроелектрична централа на река Брегалница – МХЕЦ 329 КО Пехчево, општина Пехчево.

Член 2

Земјоделското земјиште за кое се дава согласност за трајна пренамена, со вкупна површина од 118м2, ги има следните катастарски индикации:

| Катастарска парцела бр. | Катастарска општина | Викано место | Катастарска култура | Катастарска класа |
|---|---|---|---|---|
| 3529/3 дел | Пехчево | Валевичка Река | пасиште | 3 |
| Вкупна површина на земјиштето во планскиот опфат: | | | | $32982м^2$ |

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.42-4402/1
28 април 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

**2488.**

Врз основа на член 55 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/0, 82/08, 167/10 и 51/11) и член 14 став (1) точка а) став (2) од Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија" бр. 55/07, 86/08,139/09 и 135/11), министерот за правда на ден 27.4. 2015 година го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА СЛУЖБАТА НА НОТАР**

На нотарот Мијалчо Цоневски именуван со Решение бр. 04-1175/1 од 23.4.1998 година на министерот за правда за подрачјето на Основниот суд во Штип, му престанува службата на нотар поради смрт.

Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со Решение бр. 04-1175/1 од 23.4.1998 година, на министерот за правда врз основа на четвртиот конкурс лицето Мијалчо Цоневски е именуван за нотар на подрачјето на Основниот суд во Штип.

На ден 20.4.2015 година, Нотарската комора на Република Македонија до Министерството за правда достави известување бр. 03-795/1 од 9.4.2015 година дека нотарот Мијалчо Цоневски именуван за подрачјето на Основниот суд во Штип починал. Врз основа на Извод од Матичната книга на умрени што се води за општина Штип, под тековен број 08-6/446 од 21.4.2015 година, утврдено е дека кај нотарот Мијалчо Цоневски настапила смрт на 9.4.2015 година во Штип.

Согласно наведеното, а врз основа на член 14 став (1) точка а) и став (2) од Законот за нотаријатот(„Службен весник на Република Македонија" бр. 55/07, 86/08, 139/09 и 135/11), министерот за правда одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Бр. 09-1455/2
27 април 2015 година
Скопје

Министер за правда,
д-р **Аднан Јашари**, с.р.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

**2489.**

Врз основа на член 148 став (1) од Законот за енергетика ("Службен весник на Република Македонија" бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14 и 33/15) министерот за економија донесе

**ПРАВИЛНИК**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА(*)**

Член 1

Во Правилникот за обновливи извори на енергија(*) („Службен весник на Република Македонија" бр. 113/11), Прилозите 2, 3 и 5 се заменуваат со нови Прилози 2, 3 и 5 кои се составен дел на овој правилник.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија ".

Бр. 12-3029/1
24 април 2015 година
Скопје

Министер за економија,
**Беким Незири**, с.р.

(*) Со овој правилник не се врши усогласување со Европското законодавство.